Почитуван претседател и членови на општинскиот Совет

Почитувани претставници на општинската администрација,

Се наоѓаме на крајот на оваа 2020 година, која пред се ќе ја паметиме по предизвикот во борбата со пандемијата од КОВИД -19. Повеќе од било кога си посакувавме да бидеме победници во оваа битка со која се соочуваме на само ние, туку и целиот свет. Во таа насока моето експозе го започнувам токму со желбите за добро здравје, позитивна енергија и оптимизам во секојдневното извршување на деловните и на приватните обврски. Како општина и институција не останавме имуни на овие случувања, но сепак може да кажам дека вложуваме максимум во менаџирање со состојбите. Во таа насока изразувам особена благодарност до сите здравствени работници, помошен персонал, волонтери на Црвен Крст, претставници на останати здруженија и компании кои покажаа општествена одговорност и се вклучија активно во надминување на состојбите. Предизвикот е се уште активен и од нас бара максимална одговорност, дисциплина и посветеност во нашето секојдневно делување и во следниот период.

Почитувани,

И покрај сите предизвици со кои сме соочени, покажавме и докажавме дека сепак функционираме, а предизивиците беа мотив плус да се успее во решавањето на секојдневните и тековните работни активности. Во една ваква ситуација, човечки е да си дадеме поттик и да се навратиме на сите убави нешта кои ни се случија оваа но и оние кои ги очекуваме за следната година. Кога минатата година го носевме буџетот за оваа 2020, ја најавивме како година на инвестиции. И реално тоа и се случи. Градежната експанзија која отпочна во Крива Паланка во изминатиот период, кривопаланечката јавност не ја паметат во изминатите 30-40 години. Рехабилитацијата на постоечката инфраструктура и изградбата на нова во рамки на Коридорот 8 ја претвора Крива Паланка во централна точка помеѓу два светски центри, Скопје и Софија. Тоа несомнено ќе даде резулат кој треба да биде искористен и како општина но и како регион за подобрување на социо-економскиот развој и целокупната бизнис клима.

Обновувањето на постоечката патна мрежа од Куманово кон Крива Паланка, изградбата на трета лента која е во тек од Крива Паланка до граничниот премин Деве Баир, обновување на регионалниот патен правец од с.Узем до РОЦ Тораница во висина од 1,7 милиони евра, продолжување на патниот правец Р2245 кон с.Габар, целосната изградба на Р2250 кон граничниот премин со с.Голеш, Општина Босилеград, се само дел од ветувањата кои беа дадени во мојата изборна програма и реализирани во соработка со Владата и останатите државни институции. Изградбата на патни правци во с.Голема Црцорија, Трново, Конопница, патниот правец кон с.Варовиште и Манастирот Св.Јоаким Осоговски, локални улици како што се Кални Камен, Јоаким Крчовски, Лозановска, Момир Стојановски, Јане Сандански, изградбата на тротоари долж главната улица од влезот на градот до централното градско подрачје, изградбата на нов градски парк и плоштад, регулацијата на Крива Река од центарот на градот до н.Бегови Бавчи, е само дел од локалната инфраструктура која ја надополнува генералната слика. Само по овој основ во општината од различни извори на финансирање се слејаа неколку милиони евра.

Изградбата на водоводот во с.Луке, отпочнување на градбата на канализациони мрежи во н.Крстата Падина и н.Мизовски Ливади, но и обезбедувањето на средства за изградба на фекална канализациона мрежа во н.Бојанов Дол и н.Бурови Бавчи,

проектирањето на нови линии за с.Мождивњак, с.Конопница, нас.Цонев Рид, се само дел од проектите кои отпочнаа оваа година или се планирани за следната 2021 година. Нема да запреме тука  со сето она што се наши потреби, приоритети и можности. За таа цел веќе се преговара, а врз основа на подготвена и доставена проектна документација за обезбедување на финансиски средства за патен правец 2 во с.Дурачка Река, н.Мизовска Ливада за крак 2 и крак 4, улуца Вршачка, дел од пат кај Домот во с.Конопница во вкупна вредност од околу 30.000.000 денари. Во секој момент треба да започне изградбата на патниот правец кон Градски гробишта од околу 20.000.000, но и аплицирано за средства во висина од околу 10,000.000 денари за дозавршување на тротоарите кон спортскиот центар, средства од ИПА програмата со Бугарија за пешачко рекреативна патека од Спортски центар кон Манастирот Св.Јоаким Осоговски во висина од 460.000 евра од кои за Крива Паланка се 224.000 евра и проект од ИПА со Србија за изградба на пешачко рекреативна патека до Станечки Водопади и поврзување со локалитетот Калин Камен во вкупна вредност од околу 236.000, од кои за општина Крива Паланка се околу 118.000 евра. Со тоа уште еднаш го потврдуваме епитетот на општина лидер во РЦ Македонија по искористеност на средства од програмата на ИПА. Се на се, верувам дека ќе се согласите и многу повеќе од она што беа наши планови и проекции како очекување, а сето тоа во услови на глобална рецесија и кратење на многу извори на финанансии. Благодарност за сите поединци и вработени од општинската администрација кои максимално се вложија во овие проекти.

Почитувани,

Со инвестициите во сверата на комуналната хигиена и со обезбедувањето на 5 нови возила за ЈП Комуналец, значително ја подобривме хигиената на локално ниво. Регионалното управување со отпад е наша стратегија која ќе дојде до израз во следниот период со напорите за затворање на сите мини депонии но и ѓубриштето во с.Конопница. Набавката на дополнителна опрема во вид на трактор, метларка и дополнителна механизација како грант од Светска Банка преку Министерство за финансии и обезбедувањето на нови 200 контејнери, треба значително да ја смени генералната слика на градот во напорите за чиста и урбана локална заедница. Поставувањето на специјализирани садови за селекција и рециклирање на отпадот е чекор напред во зачувувањето на здрава животна средина. Отпочнувањето на преговори за изградба на мерни станици во прва фаза и изградба на 66 ветерници во втора фаза на Осоговскиот-Козјачкиот Регион е нешто иновативно во делот на заштитата на животната средина и искористување на алтернативните извори на енергија на овие простори.

Оваа година се направи сериозен исчекор во делот на спортската инфраструктура и изградбата на нови спортски терени. Изградбата на 2 мини голф терени, фитнес зона на отворено, ново игралиште за баскет во рамки на Ученичкиот дом Боро Менков, новата тартан патека на градскиот стадион, скејт парк, обновата на игралиштето на ОУ Илинден се само дел од активностите на овој план. Преку ФФМ течат преговорите за изградба на трибини на Градскиот стадион, негово оградување и обнова на соблекувалните и тоалетите, што реално и се надеваме дека ќе биде одобрено за следната 2021.

Со задоволство можам да најавам дека веќе е завршена тендерската постапка и се отпочнати градежните активности за уредување на отвореното игралиште во СОУ Ѓорче Петров во висина од 7.500.000 денари по најсовремени стандарди и промена на подот на спортската сала во ОУ Илинден со поставување на гумирана подлога во висина

од над 2.300.000 денари. Овие активности треба да бидат готови во првата половина на 2021 година.

Инвестициите во основното и средното образование  и детската заштита се наш приоритет и обврска, затоа во следниот период ќе продолжиме и со други активности. ООУ Јоаким Крчовски оваа година со инвестиција од над 3.000.000 денари изврши делумна промена на  столаријата и целосна замена на фасадата со термоенергетска, со што значително ги подобри условите за работа. За следната година е планирано да се аплицира за средства за зградата на Партизан и да се работи на уредување на училишниот двор на централното училиште. ООУ Илинден оваа година работеше на уредување на дворот, оградата и замена на дел од столаријата во ПОУ Мождивњак, а по промената на подот се чека на одобрување на средства од МОН во висина од 2.400.000 денари за промена на дограмата и санација на соблекувалните и санитарните јазли. СОУ Ѓорче Петров аплицираше со проект за промена на дотраената кровна конструкција на спортската сала и на дел од работните простории во висина од 3.200.000 денари, но и внатрешно адаптирање и уредување на основниот објект. Во детската градинка се отпочнати активностите на надградба нов кат, со што ќе се зголемат капацитетите за прием на нови корисници, но во исто време и да се подобрат условите за работа. Средствата во висина од 23,5 милиони денари се обезбедени од МТСП.

Напоредно на ова се работи на подобрување на опременоста и задоволување на потребите за тековно следење на наставата со информатичка технологија и интернет во сите училишта на локално ниво. За ОУД Боро Менков преку донација се обезбедени 5 комјутери за следење на наставата на учениците од оваа институција.

Грижата за останатите целни групи, лицата со пречки во развојот, стари и изнемоштени лица е исто така наша одговорност. Со обезбедувањето на околу 11.000.000 денари ќе бидат вработени 20 сертифицирани лица за период од 2 години кои ќе вршат испорака на услуги во домашни услови на 40 домаќинства. Проектот е во соработка со МТСП, а реализацијата на активностите ќе оди преку ОО Црвен Крст. Во рамки на овој проект ќе се обезбеди и ново теренско возили за потребите на проектот. Оваа година се обезбедени 3 стипендии за лицата со пречки во развојот, продолжуваме со активноста ва воспитно образовни асистенти но и со помош и поддршка на социјално загрозени семејства и на семејства на кои им е потребна неопходна помош од различен аспект. Се работи и на идејата за следната година да се оформи и фонд за талентирани ученици од социјално загрозени семејства и ранливи категории.

Поддршката на талентираните ученици и спортисти ќе продолжи и во следниот период. Оваа година поради справување со последиците од пандемијата со Ковид 19 можеби изостана поддршката за спортските здруженија и НВО, изостанаа многу културни настани и манифестации, но тука од разбирливи причини беше ставен акцент на здравјето на граѓаните, во согчласност со сите препораки на Комисијата за здравство и Централниот кризен штаб. Скромно и со неколку настани како Невестинско поклонение, Ликовната колонија св.Јоаким Осоговски, театарскиот фестивал, фестивалот на детска песна Распеано симитче, дадовме придонес и во развојот на културата. За одбележување е и тоа што оваа 2020 година во тираж од 2000 примероци излезе новата Монографија за Крива Паланка 1633-2020, во која ги запишавме сите досегашни историски, културни, спортски, економски, верски и други аспекти на нашето битисување.

Продолжуваме да градиме линкови со нашите соседи и пријатели. На листата на збратимени општини оваа година ги додадовме град Бор, и Општина Жупања, а со

реализација на апликацијата за прекугранична со Р.Србија отвораме нова страна во соработката со Општина Лесковац.

Горди сме на нашите европски пријатели, за тоа што градиме европски вредности. Како резултат на таа соработка во финална фаза е изградбата на Европска куќа, која ќе биде едно пријатно катче за културно и креативно изразување на младите, но и можност за нивно дружење и размена на информации со нивните врсници во светот. Кога сме кај младите треба да напоменам дека оваа година на иницијатива на Советот на млади се спроведоа неколку активности во локалната заедница, а во соработка со Фондацијата „Со Срце за Крива Паланка” и ЛАГ „Осоговски Лисец” се работи на промоција на нашето природно и културно историско наследство. Подготовката на нова туристичка сигнализација, нова веб страна www.visitkrivapalanka.com, нови промотивни материјали, е само дел од она што го правиме во систематскиот пристап на промоција. Со прогласувањето на Осогово за заштитено подрачје на природата од 5-та категорија се отвараат дополнителни можности и активности на туристички план.

Изминатиот период заедно со општиската администрација, со упорност и ентузијазам, преку принципот на отвореност, транспарентност и пред се одговорно работење, со чесен и домаќински пристап, добро менаџирање и користење на сите расположливи потенцијали и искуства направивме многу. Ги ставивме во функција сите наши знаења и капацитети во насока на реализација на предвидените проекти и програми. Изработката на работни Процедури ќе допринесе за ISSO стандардизација, која ќе значи квалитет на испораката на услугите, а со поставувањето на информативен портал на влезот на општината во соработка со OSCE продолжуваме во напорите да изградиме отворена општина за сите. Наградата од Медиа Солушн за 2 место на национално ниво од сите владини институции добиено по втор пат оваа годнина е доказ дека сме на вистинскиот пат, како и високото трето место за транспарентност со 89,9 индексни поени, сопред истражувањето на Центар за граѓански комуникации.

Со поддршка од Министерство за економија се изработи нова Стратегија за туризам, преку МТСП имаме Социјална карта со социјален план за Општина Крива Паланка, имаме нова стратегија за развој на спортот и младите. Ќе продолжиме во соработка со АМС да креираме можности за нови активности и поддршка на спортските клубови и поединци, кои се најдобриот репрезент на градот во меѓународни рамки.

Почитувани присутни, мои ценети сограѓани,

Крајот на годината е време кога се прават планови за следната. Во едни вакви услови на светска пандемија со Ковид 19, јас уште еднаш ќе ви посакам на сите вас пред се добро здравје, позитивна мисла, многу оптимизам и животна енергија. Ако го имаме ова, резултатите ќе си дојдат сами по себе, ако сме водени од идејата и нашата заедничка цел за модерна, перспективна и современа Крива Паланка.

Длабоко во себе верувам и убеден сум дека само заеднички, трпеливо, мудро но и со сопствена, дисциплина, пожртвуваност, упорност и многу одрекувања ќе излеземе како победници и од оваа состојба. Да празнуваме одговорно со почитување на сите мерки и протоколи, во кругот на семејството и најблиските, затоа што тоа се и основните вредности кои не прават среќни и исполнети.

Велат дека нашиот надворешен свет е рефлексија на внатрешниот. Токму затоа вашиот духовен мир нека направи пријатно опкружување, а вашите позитивни намери го направат вашиот живот уште поубав. Примете ги моите најискрени желби по повод Новогодишните и Божикните празници, со можност сите заедно да се радуваме на убавите мигови во Новата 2021.

Ви благодарам.